# СООПШТЕНИЕ ЗА ПРЕДАВАЊЕ

## WVP Пензиски фонд:

## Подигнување на финансиската писменост на студентите

Како дел од прославувањето на Глобалната недела на парите, а со цел унапредување на финансиската писменост на населението, со посебен акцент на студентите, координативно тело од регулаторните институции за финансиска едукација (Народна банка, Министерство за финансии, Агенција за супервизија во осигурувањето, МАПАС и Комисијата за хартии од вредност) во соработка со Бирото за образование, следната недела организираат низа предавања.

Во соработка со Институтот за математика, ВФП Пензискиот фонд ќе одржи предавање кое е од интерес на сите студенти при ПМФ, но и во интерес на вработените. Ќе може да се запознаеме со Пензискиот систем на нашата држава, можностите, социјалното, капитализираното пензиско осигурување, но и со третиот столб, приватното пензиско осигурување.

Ја користиме оваа прилика да ве покaниме на ова предавање, што ќе се одржи во **математичкиот амфитеатар на 21.03.2024 (четврток), со почеток од 12.00 часот**. Времетраењето на излагањето ќе е најмногу 45 минути.

Од Институтот за математика